# Медиум

весник за сите средношколци

www.medium.edu.mk

Петок 1.11.2019; година V; бр. 48


# Медиумски ден 2019



стр. 4-5

ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА



## „ГО РАБОТАМ ТОА ШТО ГО САКАМ, А КАКО ЈУТУБЕР МОЖАМ И ПОБРЗО И ПОЛЕСНО ДА СЕ АФИРМИРАМ“

стр. 3

ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА



## СРЕДНОШКОЛЦИ ПОКАЖАА ДЕКА И КУЌИТЕ МОЖЕ ДА ИМААТ ФИЛТРИ, САМО НЕКОЈ ТРЕБА ДА ГО ВИДИ ТОА

стр.3

ТЕМА НА МЕСЕЦОТ



## ЗА МЛАДИТЕ ФИЛМОТ Е ИЗВОР НА НЕЗАПИРЛИВА ЉУБОПИТНОСТ И КРИТИЧКИ СТАВОВИ

стр. 6


Институт за комуникациски студии

Нова Македонија

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ИЗРАБОТЕН ВО РАМКИ НА КАМПАЊАТА ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ЗА ПОДОБРА ЖИВОТНА СРЕДИНА „НЕ ИГНОРИРАЈ! РЕАГИРАЈ!“ ШТО ЈА СПРОВЕДУВА ИНСТИТУТОТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ

ВОВЕДНИК



Стево Пендаровски, претседател на Република Северна Македонија

# Зошто е битна животната средина и како да се справиме со климатските промени

Секој од нас треба што повеќе внимание да посвети на одржувањето здрава животна средина, бидејќи природата веќе извесен период нѐ предупредува дека немаме уште многу време за да ја спасиме нашата заедничка планета Земја. Во глобални рамки, лидерите на државите се заложија да се зголеми интензитетот на климатските активности со многу подинамично темпо, преку зајакнување на националните акциски планови до 2020 година.

Нашата земја е потписничка на Договорот од Париз за климатски промени, според кој преку намалувањето на аерозагадувањето ќе се овозможи да се спасат милиони животи. Имплементирањето проекти поврзани со соодветното и навременото одговарање на нашите национални обврски од овој договор ќе овозможи поголема рашираност и отвореност на преземените акции, а наедно и ќе придонесе кон зацврстување на капацитетите на националните институции за известување за резултатите од преземените активности од областа на климатските промени.

Несомнено, сите граѓани на нашата заедничка татковина, самоиницијативно или во соработка со надлежните институции, потребно е меѓусебно да соработуваат и да иницираат заеднички активности, кои ќе се стремат кон брзо и квалитетно одржување на животната средина, како и кон намалување на емисијата на јаглерод диоксид, со што ќе помогнат во ограничување на опасното глобално затоплување.

Нашиот живот и животот на нашите идни поколенија зависи од сите нас. Правото на живеење во здрава животна средина е право на секого од нас. Токму овој период од годината е круцијален за одржувањето на животната средина, бидејќи аерозагадувањето е многу повисоко и дури и ја надминува границата на дозволената јаглеродна емисија. Затоа очекувам здружени акции на релевантните институции, но и подадена рака од нашите граѓани, кои, освен што ќе преземат конкретни еколошки акции, ќе бидат и во улога на еколошка патрола и на монитори на загадувачите. Сите ние, преку самокритичност и навремена и брза реакција, треба да бидеме упорни во нашата заложба да имаме почиста и поздрава животна средина.

Овој наш заеднички пат е амбициозна мисија, а вербата дека тој ќе се изоди и ќе даде позитивни резултати ни ја дава токму младата популација. Низа преземени екоакции во земјава организирани од младите се конкретна активност, но и чекор повеќе кон подигањето на екосвеста во нашата земја. Младите ни влеваат надеж дека нашата земја ќе биде уште позелена во иднина. Нашата поддршка за младите и нивните еколошки активности, како и вложувањето во проекти од овој вид, значи и поздрава животна средина и подобар живот за сите нас.

# Средношколците од Валандово чистеа и дебатираа со евроамбасадорот Жбогар



Учениците од средното училиште „Гоце Делчев“ во Валандово месецов имаа можност да дебатираат со евроамбасадорот Самуел Жбогар, кој ги посети во рамките на кампањата „ЕУ за тебе“.

Младите ги интересираа можностите за образование во Европа и дискутираа за своите искуства со програмата „Еразмус+“, но истовремено прашуваа и зошто толку долго се чека на преговори со ЕУ.

По дискусијата, евроамбасадорот им се придружи на средношколците во чистење на дворот на училиштето.

Посетите на средни училишта низ земјата во рамките на „ЕУ за тебе“, според најавите, продолжуваат и во наредниот период, а дебатите со младите се однесуваат на различни прашања и теми поврзани со Европската Унија и ЕУ-интеграцијата на земјата, сегашната состојба во Унијата, како и за придобивките од членството, но и за предизвиците и одговорностите.

# Средношколски крик од Водно за свесност за климатските промени

Климатските промени го обележаа шестото издание на манифестацијата „Средношколски игри“, која се одржа на 5 октомври, на Средно Водно. На неа учествуваа ученици и наставници од 16 средни училишта од Скопје, кои заеднички испратија пораки за здрав живот, чување на природата и свесност за климатските промени, како и меѓусебна толеранција. Организатор на игрите е скопското здружение на граѓани СФЕРА, а слоганот на годишната манифестација беше „Заедно во природа“. На Водно средношколците се натпреваруваа во повеќе дисциплини, како трчање крос, цртање и фотографирање, креативно пишување итн. Целта на манифестацијата беше подигање на свеста на средношколците за потребата и неопходноста од нивен редовен престој на отворен простор заради подобрување и унапредување на нивното психофизичко здравје. Натпреварувачкиот карактер придонесува кај младите да се развијат потенцијалите за истражување и учење, тренирање, вежбање, уметнички и естетски развој, а локацијата на која се одвиваат игрите кај младите поттикнува свесност за здрав живот, заштита на животната средина и почест престој во природа.

# „Михајло Пупин“ стана прво училиште со фотоволтаична централа

Средното училиште во градот Скопје „Михајло Пупин“ стана првото во земјава што има своја фотоволтаична централа. Идејата е на средношколците, а ја поддржа и Фондот за иновации. За реализација на овој проект учениците добија грант од Фондот во висина од 270.000 денари, а преостанатиот износ до 600.000 денари, колку што чини централата, е од буџетот на училиштето. Промоцијата се случи на денот кога училиштето го одбележуваше својот патронен празник. Фотоволтаичната централа има мала моќност од 12 киловати и 42 панели, но, сепак, очекувањата и на локалните и на централните власти се дека „Михајло Пупин“ како пионер може да воведе една мини-револуција во пристапот кон животната средина, но и во пристапот кон енергетската ефикасност. Покрај тоа, училиштето ќе може да заштеди. Со инсталирањето на оваа централа, учениците во практика ќе можат да видат како функционираат фотоволтаичните централи.

# Крушево ги собра младите на готвење и забава

Средното училиште „Наум Наумовски-Борче“ од Крушево од оваа година започна со организација на фестивал на храна и култура, насловен „Тејст Крушево“, во чии рамки се организираше и гастрономски натпревар. Едни од најистакнатите учесници беа Дарио Јованов и Сара Ценева, средношколци во трета година во училиштето „Митко Пенџуклиски“ од Кратово, кои се натпреваруваа во неколку категории и се закитија со две награди. Тие добија златен медал за најдобар штанд, на кој ги претставија кратовската култура и гастрономија, а втора награда освоија за приготвувањето на традиционалниот крушевски чомлек. Покрај ученици од средните училишта, на натпреварот учествуваа и студенти од универзитети од земјава и од странство. „Тејст Крушево“ годинава се одржа првпат, а идејата, како што истакна директорката на крушевското училиште Снежана Миленковска, е да покажат дека градот има да понуди многу повеќе од неколкуте значајни историски споменици. Настанот на средношколците го поддржаа неколку локални институции и организации, но пред сѐ индивидуалци и ентузијасти.




Медиум
НЕ ИГНОРИРАЈ РЕАГИРАЈ за подобра животна средина
ИК Институт за комуникациски студии

Публикацијата е изработена во рамки на кампањата од јавен интерес за подобра животна средина „НЕ ИГНОРИРАЈ! РЕАГИРАЈ!“ што ја спроведува Институтот за комуникациски студии

**Уредници на „Медиум“:** Александра Теменугова, temenugova@iks.edu.mk, 02/30 90 004
**Техничко уредување:** Марин Матев **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**; **www.reagiraj.mk**

British Embassy Skopje
Funded by UK Government

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Поддршка за добро владеење преку граѓанско учество за поголема транспарентност и отчетност на институциите во Македонија“ финансиран од Владата на Обединетото Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА

# „Го работам тоа што го сакам, а како јутубер можам и побрзо и полесно да се афирмирам“




Никола Димов е средношколец во трета година во СУГС „Кочо Рацин“ во Скопје, кој има 17 години. Неговото име за пошироката јавноста можеби не значи ништо, но затоа меѓу своите врсници, преостанатите тинејџери и основците, споменувањето на неговото име сигурно нема да помине незабележано. Тој е популарен јутубер-аниматор, познат како Никола Арт Хаус, кој на својот канал на оваа интернет-мрежа има над 17.000 следбеници. Никола важи за еден од најкреативните, затоа што неговите видеа се анимирани и се проследени со приказна.

- Идејата да станам јутубер беше сосема спонтана работа. Пред околу три години одев на часови за 2Д-анимација и ефекти и во слободно време правев некои анимации, а некои од нив објавував на Јутуб. Имав среќа што една од нив доби поголем публицитет и така всушност почнав да правам видеа - вели Никола.

Тој е и еден од ретките јутубери што со своите видеа обработуваат актуелни проблеми и ги популаризираат темите меѓу младите следбеници на социјалните мрежи. Никола е ангажиран и во кампањата „Не игнорирај! Реагирај!“, во чии рамки досега објави и две видеа, едното на тема за загадениот воздух, а другото за климатските промени. Обработувајќи вакви теми, вели тој, се обидува да ги доближи до младите и да ја подигне нивната свест на тој начин што се изразува во „свој стил“, користејќи елементи на хумор. Иако сите го знаат како јутубер, тој вели дека Јутуб го користи само како платформа каде што може да се изрази на свој начин и стил, со користење елементи на хумор за теми што се интересни за него и за неговите врсници, често за ситуации од секојдневниот живот.

- Јас повеќе се сметам за аниматор, илустратор и графички дизајнер, а Јутуб ми е платформа да можам да се афирмирам полесно и побрзо, барем во нашава земја. Но, кога веќе ги објавувам таму, значи технички сум и јутубер. Тоа, пред сѐ, е интересно хоби, а сега ми е и начин на заработка. Мене ме прави среќен, најсреќен сум кога знам дека го работам тоа што ме исполнува и тоа што го сакам. Отсекогаш сум се стремел ова да ми биде идната професија, но не мислев дека може да се оствари и на 17 години - раскажува Никола. Во Македонија, за разлика од странство, вели средношколецот, ако сакаш да бидеш јутубер, мора да сакаш да го правиш тоа, а не да се водиш од тоа дека на тој начин ќе заработиш пари, затоа што јутуберството кај нас сѐ уште не е развиено на тоа ниво.

**Александар Самарџиски, новинар**

СРЕДНОШКОЛЦИ ОД ЈБТ БАРААТ ИНВЕСТИТОР ЗА НИВНАТА ИНОВАЦИЈА

# Средношколци покажаа дека и куќите може да имаат филтри, само некој треба да го види тоа



Застрашувачката реалност дека Скопје е еден од најзагадените градови во светот и фактот дека аерозагадувањето е една од најголемите опасности на која човекот може да ѝ се спротивстави, како и дека квалитетот на воздухот само ќе продолжи да опаѓа ако не се дејствува, е причината тројца средношколци од скопската гимназија „Јосип Броз-Тито“ да се впуштат во конкретна акција. Нивните имиња се Теофилија Стоиловска, Марко Дураков и Мартин Стеванов. Тие решија да направат филтри за прочистување воздух за домаќинствата, слични како тие што ги имаат големите фабрики.

- Скопје и Тетово последните неколку години беа топ на ранг-листите за најзагадени градови во светот. Гледајќи ги нашите пријатели како шетаат со маски и сите се задушуваат во Скопје, решивме да најдеме начин како да ја подобриме нашата околина - вели Мартин.

Загадувањето стана најзастапена тема на вестите во земјава, но и во странство. Како што вели Теофилија, тоа што анализите покажуваат дека домаќинствата користејќи го сувото гориво за огрев се поставуваат на прво место како најголеми загадувачи, ги испровоцирало да дојдат до идејата за филтер.

- Фактот дека голем број луѓе знаат што се случува, но само мал број од нив преземаат сериозна акција е реалноста за нашето општество - коментира Теофилија.

Изучувајќи ја темата за електростатиката, дознале за големите филтри што ги користат фабриките за прочистување на гасовите што ги испуштаат. Идејата им била да се направи покомпактна верзија што може да биде поставена во домаќинствата. Теоретски, тие го создале планот, за изработката бил задолжен Марко, заедно со нивниот главен ментор, професорот по физика Цветко Неделковски.

- Да се пронајдат деловите беше најтешкиот дел. Не успеавме да најдеме делови во Македонија, па мораше да ги нарачуваме од странство. Трансформаторот го зедовме од Кина, а цевките од Србија - вели Марко.

Сите трошоци сами ги исплатиле.

Заедно со професорката по бизнис Весна Црнеска Симовска го изработиле бизнис-планот за неколку дена, а самото градење на изумот траело околу два дена. Единствениот проблем со кој се соочиле било чекањето еден месец за да пристигнат нарачаните делови.

- Всушност, изумот беше готов кон средината на пролетта, но дури сега зеде замав - вели Мартин.

Со својот проект тие имале шанса да учествуваат на натпреварот „Предизвик за млади истражувачи“, кој е поддржан од Фондот за иновации.

- Ние ја презентиравме идејата заедно, наспроти други натпреварувачи. Но нашата идеја не беше препознаена - вели Марко.

Но тоа не бил крајот за овие мотивирани средношколци. Преку соработката со дел од медиумите успеале да ја прошират својата идеја кон поголема публика и моментално тие бараат инвеститор што ќе го види потенцијалот во идејата. Како прв чекор тие сакаат да го постават филтерот на десетина куќи во скопската населба Ново Лисиче, која е најзагадена населба во градот, за да се види како ќе функционира во практиката.

Тројцата средношколци велат дека имаат планови како да го унапредат својот изум, но засега, посочуваат, идеите се класифицирани. Во разговор со нив, тие не ја пропуштаат шансата да му се заблагодарат на својот ментор и професор Цветко Неделковски, кој исто така бил и носител на оваа идеја.

- Едноставно е брилијантен - вели Мартин.

Тројцата иноватори велат дека се свесни оти загадувањето на воздухот не е единствениот проблем, тука се загадуваат и реките, тука е и несоодветното фрлање на отпадоците итн. Но аерозагадувањето, посочуваат, е најголемиот проблем затоа што тој е причина за појавата не некои од најсмртоносните болести

**Кристина Филипоска, средношколка во СУГС „Јосип Броз-Тито“**

КАДЕ БЕВМЕ ?

# Медиумски ден 2019





Околу 130 средношколци од 14 училишта од целата држава учествуваа на Медиумскиот ден што Институтот за комуникациски студии го организира по петти пат, на 30 октомври оваа година. Средношколците посетија вкупно осум национални и локални медиуми, кои се традиционални домаќини, а седумдесетина ученици се сретнаа и со македонскиот претседател Стево Пендаровски.

Учениците се запознаа со работата на новинарите, начинот на креирање на вестите и професионалните новинарски стандарди, а потоа имаа интервју со претседателот Пендаровски.

Годинашниот медиумски ден, ИКС го организира во рамките на кампањата за подобра животна средина „Не игнорирај! Реагирај!“. За време на посетите во медиумите, учениците разговараа со новинарите за тоа дали и како медиу-










мите информираат за теми за заштита на животната средина, екологијата и климатските промени.

Кампањата ја поддржа и претседателот Стево Пендаровски и затоа учениците го завршија Медиумскиот ден со посета на вилата „Водно“, каде што изворно се запознаа со ингеренциите и активностите на претседателот за справување со предизвиците за климатските промени и заштитата на животната средина.

Интервјуто на средношколците со претседателот Пендаровски, ИКС ќе го објави на веб-страницата www.medium.edu.mk.

На Медиумскиот ден учествуваа средношколци од вкупно десет града: „Ванчо Прке“ - Виница, „28 Ноември“ - Дебар, „Гоце Делчев“ - Валандово, „Богданци“ - Богданци, „Добри Даскалов“ – Кавадарци, гимназијата „Ј.Б.-Тито“ и медицинското средно училиште „Јован Калаузи“ од Битола, „Јане Сандански“ - Струмица, „Кочо Рацин“ – Велес, „Зеф Љуш Марку“, „Никола Карев“ и „Орце Николов“ од Скопје. Учениците ќе ги посетат следните осум медиуми: Македонска телевизија, весникот „Нова Македонија“, ТВ-21, Радио МОФ, Макфакс, ТВ Тера – Битола, ТВ Плус - Куманово и ТВ Вис - Струмица. Медиумскиот ден се совпаѓа со иницијативата „Денови на медиумска писменост“ на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ), на која се приклучи и ИКС, преку организирање на своите активности за унапредување на писменоста за вести и за дигиталната писменост.







ТЕМА НА МЕСЕЦОТ

СЕДМО ИЗДАНИЕ НА „ЏИФОНИ МАКЕДОНИЈА“

# За младите филмот е извор на незапирлива љубопитност и критички ставови




Филмско описменување, можност за креирање критички став и желба да се влијае врз заедницата се само дел од она што младинскиот фестивал „Џифони Македонија“ им го овозможува на младите. Годинава тој по седми пат се одржа во Скопје. Траеше пет денови, а на него учествуваа и се дружеа млади луѓе од 10 држави, меѓу кои најмногу гости имаше од Италија. Младите гледаа уметнички филмови со релевантни и важни општествени пораки, научија нешто ново за кинематографијата, сценскиот настап, музиката во филмот, фотографијата и пристапот кон снимањето.

Незапирливата љубопитност и вљубеноста во филмот не можеше да не бидат забележани кај средношколците, кои се меѓу најмногубројните посетители на „Џифони Македонија“ и кои уште еднаш порачаа дека сакаат да учат за филмската писменост, која мора треба да биде дел од училишните програми.

Матичниот фестивал на овој значаен скопски настан е „Џифони експериенс“ (Giffoni Experience), кој е најзначаен културен фестивал за млади и кој се одржува секоја година во Џифони Вале Пијана, Италија. Неговиот креатор Клаудио Губитози на само 18-годишна возраст имал идеја да создаде простор каде што младите можат да се изразат и критички да размислуваат, и таа традиција наредна година ја слави својата 50-годишнина. „Џифони Македонија“ е најголемиот и најважен филмски фестивал надвор од Џифони во Италија.

Џифонците се заљубени во филмот и свесни се колку им е важен филмот во развојот на ставовите и погледот кон светот. За нив многу е важно да си филмски писмен.

- Филмска писменост е генерално познавање на филмот како уметност, прво од технички аспект (камера, режија, светло, аудио, продукција итн.), но покрај тоа и знаење за филмовите и луѓето од филмскиот свет и нивното влијание врз секојдневието - вели Калина Качоровска, средношколска амбасадорка на фестивалот.

Во личен поглед, додава таа, филмската уметност ѝ е голем дел од секојдневието и е причина поради која таа денес е Калина.

А според Ана Илиева, учесничка на фестивалот, филмот претставува совршен спој на повеќе уметности, за кои дефинитивно вреди да се жртвува своето време. Филмската уметност, всушност, е прикажување на човековата фантазија и патот од соништата до реалноста, моќ што предизвикува смрт на предрасуди, стереотипи и омраза и пренесување порака што има способност да го промени светот.

- Иако не сме свесни, сепак голем дел од нашите карактерни особини и начини за справување во мноштво ситуации биле директно под влијание на филмот. А во средношколските години, кога карактерот се оформува и зацврстува, филмот во наставата е неопходен повеќе од кога било. Дефинитивно, филмот е потребен! Кога филмот би бил предмет на училиште, мнозина би доаѓале со бескрајна среќа и воодушевување. И не само поради тоа што ќе се гледа филм туку и поради тоа што има многу деца што се свесни за значењето на филмовите во нашите животи. Исто така, филмот секогаш предизвикува многу измешани чувства, кои ќе доведат до многу дискусии помеѓу учениците и професорите. Зар има поубава замисла од тоа – раскажува Ана.

Зборувавме и со италијанските учесници на фестивалот, кои ги делат истите впечатоци со македонските врсници. Јакопо Пасторе вели дека во филмот исклучителна важност имаат музиката, фотографијата, боите и опкружувањето во кои се наоѓаат актерите. За него е важно да се следи срцето во поглед на кариера и верува дека филмот треба да е предмет во училиште.

- Филмот црпи инспирација од човечките животи, па затоа филмовите се олицетворение на внатрешните емоции, судири и конфликти што ги имаме со себе. Од уметнички аспект, посветувањето внимание на вакви на изглед минорни, а сепак важни детали го прави филмот квалитетен. Многу е битно да се култивира љубовта кон кој било предмет или професија уште од мали нозе, како биологија, хемија или физика, а зошто филмот да е исклучок – вели Јакопо.

Во ера на револуција во борбата со климатските промени, каде што визуелните елементи се огромен фактор во пренесувањето на пораката што се кажува, филмот игра клучна улога, порачаа и оние поискусните.

- Низ доволно силна порака и точна репрезентација на одредена ударна ситуација, филмот може да направи промена. Сметам дека филмови што преземаат ризици, што се контроверзни, што го кршат калапот, што се остри и дрски, се оние што промениле мислење, поттикнале промена, поттикнале дискусија, или поттикнале каква било акција што водела кон менување на начинот на размислување на луѓето – вели Кони Маркова, која е дел од „Џифони Македонија“.

Марко Чезаро, проект-менаџер во „Џифони експериенс“ и одговорен за организација на „Џифони Македонија” од италијанската страна, вели дека филмската писменост, всушност, претставува аудиовизуелна писменост, односно познавање на аудиовизуелните производи достапни за поширокатa публика. Оваа писменост, според него, е многу важна за да се осигури гледачот дека филмот ја пренел точно пораката. Ако гледачот не е филмски писмен, вели тој, треба да му се помогне.

- Апсолутно, филмот треба да биде предмет што се изучува на училиште, а во моментов две засегнати министерства во Италија, за образование и за култура, веќе две години носат тендери за конкурси преку кои се носат филмот и аудиовизуелните уметности во училиштата. Како претставници на „Џифони експериенс“, учествуваме со предлог-програма и работилници за деца, произведуваме краткометражни филмови напишани, режирани и монтирани од самите деца. Ние се согласуваме и ја поддржуваме оваа иницијатива, бидејќи со години го правиме истото тоа во „Џифони“ – додава тој.

Младите сè помалку читаат книги, па филмот останува најважниот двигател во влијанието врз подигнување на свеста и пренесувањето позитивни пораки. Филмот е најбрзиот елемент со кој се пристапува до младите.

Според Марко, ако само на неколку деца им се влијае да ја подигнат свеста на некоја тема, тогаш успешно е завршена работата.

- Децата на фестивалот во Италија се сретнуваат со деликатни теми, како екологија, климатски промени, односи со родители, и веруваме дека нè очекува подобра иднина, затоа што успеваме да ги поттикнеме децата да размислуваат и подобро да го разберат светот, а со тоа и да го подобрат – посочува проект-менаџерот.

„Џифони Македонија“ веќе втора година ја следи тригодишната програма за еколошка свесност создадена во Италија, по што годинешната тема на фестивалот се воздухот и неговата важност и значење. Меѓутоа, овој фестивал се залага и за општествена одговорност преку совесно пристапување кон интернетот и превенција и спротивставување на онлајн-насилството. Затоа, во соработка со италијанската полиција, која се залага за сајбер-безбедност во ера кога има зголемен број сајбер-криминал, во Скопје се донесе проект на Европската Унија, камион во кој се случува презентација на тема „Una Vita da Social“. Овој проект е најзначаен проект во светот на оваа тема остварен од државна институција, а за време на фестивалот во Скопје го посетиле повеќе од 1.000 деца. Тој е создаден како резултат на зголемениот број самоубиства на тинејџери во Италија поради насилство на интернет и нивна главна цел е превенција од тоа. Проектот е подвижна училница, која вклучува интерактивна презентација, дискусија и гледање на аудиовизуелен материјал низ неколку клучни точки во Скопје.

*Стефан Митиќ, ученик во СУГС „Орце Николов“ - Скопје*

## Училишта со слобода на говор, а не потчинетост!



Коментирајќи го образовниот систем во Републикава, каков е и каков сакаме да биде, би залутале во еден долг тунел, од причина што кај нас сè што е на хартија е убаво и симпатично, а во практиката и во реалноста - неспроведливо. Целосната ерозија на моралните вредности во општеството, самата позиција на училиштето како општествен творец и коректор низ годините сè повеќе се губи, и тоа навистина се чувствува. Никој не сака да инвестира во образованието, од едноставна причина што тоа претставува долгорочна инвестиција, чии резултати би излегле на површина по десетдваесет години, а на нашите елити им одговараат кратки и фини резултати за сигурни, а сепак скромни дневни поени. Да се вратиме на главната тема. Учам во СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ во Велес. Училиште како училиште, со професори и ученици, скромно опремени училници, но огромен ентузијазам кај целиот колектив, да не речам семејство. Веднаш би преминал на тоа во какво училиште би сакал да учам, бидејќи преку тоа ќе согледате во какво училиште учам сега и што ми недостига. Оние работи што мене ми претставуваат приоритет, се надевам дека се генерален заклучок на повеќето ученици низ земјава. Еден од побитните столбови не само во училиштето туку и во општеството мора да биде загарантираната слобода на говор, а паралелно со тоа и слобода при јавно изразување, загарантирано право за искажување на својот став и сигурност дека никој не се плаши да го каже своето мислење. Сè додека имаме професори што ја потенцираат онаа хиерархиска поставеност (читај: потчинетост) на учениците, верувајте дека учениците никогаш нема да стекнат доверба кон професорите и кон самата институција - училиште. Мора да се поврземе како ученици и професори, да разбереме дека сите ние сме дел од тој круг и дека ние сме темелот на ова општество врз кој ќе се засноваат иднината и нашата перспектива. Нема потреба да говорам за финансискиот аспект на модернизацијата и следењето на светскиот тренд на опремувањето на училиштата, но е убаво да се подвлече постојаната проверка на училишните програми и нивната адаптација, во согласност со насоката на движењето и националната стратегија (ако воопшто ја има?!). Пресуден фактор и улога во целокупниот систем, сакале да признаеме или не, има оценувањето, неговата релевантност, степенот на субјективност и непристрасност. Секогаш постоеле отстапки за еден-двајца, но другите не го забележувале тоа, најмногу го забележувале токму посочените и се срамеле, бидејќи таа бројка што ја добиле не е одраз на нивното знаење туку на нивната способност (читај: нивните родители) да влијаат врз професорите на директен или индиректен начин. За жал, тие еден-двајца што тогаш биле, народски кажано, со врски, денес се оние со реални оценки. Мора сите заедно да воспоставиме принцип на транспарентно и објективно оценување, проследено со екстерни проверки. Професори, ако нешто треба да нè научите, тоа е дека оценката не е ништо, туку само една обична бројка.

Ми фали она чувство, како велат, „училиштето е твојот втор дом“! Кога сите ние би го имале тоа чувство, ќе нема потреба за грижи, а дотогаш мораме да работиме сите заедно и да се посветиме на образовниот процес, да сфатиме дека е добро да се даваат забелешки, но уште подобро да се наоѓаат нивни решенија. Некој во блиска иднина нека рече дека држава со ваква младина нема потреба да се грижи за својата иднина и тогаш сите ќе бидат задоволни, бидејќи сме успеале, градиме нови генерации, ја градиме нашата иднина, а тоа не го пишува никаде, го пишува внатре во секој човек.

И можеби најважно нешто, во училиштето треба еднаква да биде важноста на куќниот ред, како и досега, но заедно со средношколските права. Во моментов, средношколските права претставуваат обична хартија. Учениците мора да бидат поучени за нивните права, се разбира не заборавајќи ги нивните должности. Да целиме кон тоа да воспоставиме целосна демократизација на училиштата.

**Марко Инѓилизов, ученик во втора година во СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ – Велес**

## Во 21 век нема место за полова дискриминација



Живееме во свет што е демократски и во кој демократски мажите и жените се рамноправни. Често употребувана реченица, нели?

Сепак суровата вистина гласи: традиционалните размислувања што знаат да ја омаловажат, оттргнат и дискриминираат жената во повеќе сегменти и сфери од животот постојат и во 21 век.

Постојат семејства и средини каде што по непишано правило на жената се гледа како да е родена само за да раѓа деца, да биде домаќинка, односно да се грижи за домашните обврски и да води сметка за семејството. Нејзината улога во тие средини е замислена да готви, да чисти, да пегла и да пере. За нејзино интелектуално развивање и градење кариера не се ни размислува, па затоа и денес имаме семејства каде што жената едвај завршила задолжително образование, а факултет речиси не постои.

Многу ме интересира како во 21 век оние со вакво своеглаво размислување ги бранат своите ставови и би сакал да слушнам одговор од нив до кога ќе спречуваат нешто вредно. Запрашајте се и размислете... Ве молам!

Рака на срце, денес сведочиме и на статистики што укажуваат на сè повеќе дипломирани, магистрирани и докторирани жени во различни академски дејности. Но гледаме колку и тие жени не се вклучени во политичкото водење на нашата држава. Иако се амбициозни, паметни, вешти и образовани личности, сепак се чини поголем е стравот да ги надминат мажите и да ги срушат стереотипите.

Мораме да ги охрабриме жените да го дигнат својот глас во борбата против половата дискриминација. Иако можеби не сме свесни, дискриминацијата се случува, таа е реалност.

Луѓе, освестете се! Рушиме нечии соништа, навредуваме и, најлошо, даваме причина за уште неисполнет и несреќен живот. Живот во кој некој би можел да просперира, да си постави и оствари цел, да остави трага, да смени нешто во општеството. Процесот за подобро утро започнува токму од нас. Живееме во 21 век, но правиме работи за многу векови. Да се свестиме како општество, да се едуцираме за своите права, да не дискриминираме за да може сечија другарка, ќерка, внука да ја гради иднината онаква каква што самата сака да биде.

**Станиша Станковиќ, ученик во ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“ – Битола**

## Умираме

Умираме. Зарем не гледате дека умираме? Побрзо отколку што и би требало. Отворете ги очите и видете како се станува прашина. Дигнете ги главите од електронските уреди и почувствувајте го кислородот како гори во вашите гради. Ако воопшто е кислород тоа што останало.

Помош! Реките се исушени, тротоарите полни ѓубриња, почвите отруени, дрвјата исечени, воздухот загаден, а ние, пустите, смртно си молчиме. Молчиме дури кога целото зеленило се замени со сивило и секое дрво се замени со зграда. Да не нè чуди, тоа што и нашите права ги заменија со пари. Парите вредат повеќе од човечкиот живот, дури може и да купат човечки живот. Парите се едно од најпосакуваните нешта на светот, иако во дефиницијата за среќа не се споменуваат. Парите ја играат таа круцијална улога што веќе нè ослепи и едноставно е невозможно да се гледа светот како место каде што треба да ги правиме оние работи што се добри за нашето здравје и за нашето живеење. Не само што изумира околината туку изумираме и ние, но тој факт не сакаат да го признаат оние што ги имаат парите. Зошто? Затоа што нема да можат да прават повеќе. Десет милиони се малку во однос на оние сто милиони што би можеле да ги имаат. Но сто милиони долари или евра, не дрвја или цвеќиња, затоа што инвестицијата во изградба на фабрика ќе ги донесе тие сто милиони во џеб, додека пак инвестиција во пошумување ќе донесе кислород, повеќе разновидни живи суштества, прочистување на природните извори на вода, превенција од ерозија на земјиштето... Ме интересира до кога вака? Кога ќе ги исечат сите дрвја и ќе немаат од што да ги прават парите? Кога ќе ги искористат сите материјали за да прават пари?

Но и желбата за „удобност“ си го прави своето. Удобност е да имате пивка вода, храна, облека, ама и да можете да се возите со автомобили каде и да посакате, да правите сè што ќе посакате. Удобност за некои е и да фрлаат ѓубре каде сакаат. Удобноста е и привилегија, само затоа што не можат сите да уживаат во работите што за некои изгледаат како секојдневие. Ама тоа е тактиката или политиката за која е решено да се спроведува. Политика што потиснува на еден начин на живеење, една опција. Потоа со малку убедување и практика, таа се почитува и почнува да функционира без разлика на здравјето, само профитот.

Крајот на светот нема да биде - туку крајот на човештвото. Но не барам многу од вас, туку само да не го фрлате ѓубрето насекаде, да не поддржувате планови за изградба на згради или паркинзи туку паркови и зелени површини, да не користите пластика и пластични ќеси туку стакло, дрво, метал и торби, да го намалите пазарењето на она што навистина ви е потребно, да рециклирате, да донирате, да не ја користите водата залудно, да користите помалку хартија кога технологијата би можела да помогне, да се возите со велосипед... бидејќи умираме. Зарем не гледате дека умираме? Умираме!



**Елена Савеска, ученичка во ОСЕУ „8 Септември“ - Тетово**

# БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ И КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ



## Pinus mugo

**Џуџест бор (Pinus mugo)** - Планинскиот џуџест бор, кој има облик на иглолисна грмушка, е распространет во повисоките зони на планините Јакупица и Шар Планина каде просечната температура е 3,5˚С. Промените во климата поради зголемување на температурата ќе предизвикаат преместување на овој вид кон поголеми височини. Заради тоа се прогнозира големо намалување на распространетоста на џуџестиот бор до 2050 година и негово целосно исчезнување до 2100 година.



## Crocus cvijici

**Цвијичева качунка (Crocus cvijici)** - Цвијичева качунка е планинско цвеќе кое го има единствено на планината Галичица. Расте на варовничките пасишта на планината на висина од 1800 до 2150 метри. Климатските промени во земјава ќе предизвикаат намалување на распространетоста на овој вид на само 5 km2 до 2050 година.



## Vitis vinifera

**Грозје (Vitis vinifera)** - Лозата е главна повеќегодишна култура во земјава и покрива речиси 25.000 хектари или површина еднаква на 46.718 стандардни фудбалски игралишта. Виното, по тутунот, е вториот најважен извозен производ. Согласно климатските сценарија за нашата земја до 2100 година, најчувствителна земјоделска зона е регионот Повардарие, особено областа на устието на реките Црна и Брегалница со реката Вардар. Проценките се дека ако не се преземат мерки за подобрување на наводнувањето и покривање на насадите со заштитна мрежа, родот на лозата ќе се преполови до 2050 година и ќе се намали до 59% до 2100 година.



## Malus domestica

**Јаболко (Malus domestica)** - Неизвесно е дали ќе можеме во иднина да ја користиме поговорката „Здрав како дрен со по едно јаболко на ден“ поради тоа што цената на ова овошје може драстично да се зголеми. Проценките за промените во климата се дека до 2050 година врнежите ќе се намалат за околу 20% до 23% за континенталното подрачје во југозападниот дел од земјата (Охридски и Преспански регион) каде што и најмногу се одгледуваат јаболката. Доколку не се преземат мерки за нивно наводнување, односно ако наводнувањето зависи исклучиво од врнежи, се проценува дека приносот на јаболката во Ресен ќе се намали за половина до 2050 година и до 59% до 2100 година.

НЕ ИГНОРИРАЈ
РЕАГИРАЈ
за подобра животна средина

**Кампања за подигнување на јавната свест**

ИК Институт за комуникациски студии

British Embassy Skopje

Funded by UK Government

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Поддршка за добро владеење преку граѓанско учество за поголема транспарентност и отчетност на институциите во Македонија“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.